# Упатство за генерирање на Образец БЖ

Согласно насоките од ФЗОМ и нивната интенција за прибирање одредени податоци во електронска форма, во софтверот за гинеколози воведена е нова опција за приказ и експорт на бременостите на пациентките кои што се регистирани во Prima MEDICA. Оваа опција е достапна во формата Картотека.

За да можеме да ја користиме опцијата за Образец БЖ, **потребно е најпрво да се води евиденција на бременостите на паиентките**. За таа цел кликаме на Бременост-Евиденција на бременост (Слика 1).




Слика 1

Во тој случај ни се отвара форма како на слика 2. За пополнување на оваа форма кликаме на копчето F5 и автоматски се прикажуваат податоците за пациентката за која што сакаме да евидентираме бременост (Име и презиме). Полето Тип на пациент се пополнуваа соодветно дали пациентот е осигуран во МКД, дали е приватен осигуреник,

странски државјанин по конвенција, странски државјанин без конвенција и мигрант. Доколку станува збор за мигрант задолжително се пополнува Идентификациски број.

Полето Почеток на бременост е задолжително поле за внес на почетокот на бременоста, а полето крај на бременост се пополнува по породувањето.

Во формата Регистрација на бременост на Мој Термин, задолжително се внесува датум на пријава/преглед, која е гестациската недела во која се прави регистрацијата, очекуван датум на породување и лекарот кој што ја прави регистрацијата.

Откако ќе бидат внесени соодветните податоци кликаме на копчето Запиши.

Доколку во случај дојде до прекин на бременост, потребно е да се направи регистрација на прекин на бременост. Во тој случај кликаме на F6 и ги пополнуваме полињата: датум на прекин на бременост, гестациска недела и дијагноза.

Откако ќе бидат внесени соодветните податоци кликаме на копчето Запиши.




Слика 2

Откако е направена евиденцијата на бременост, можеме да ја провериме листата на бремени (ФЗОМ). За таа цел кликаме на Бременост-Листа на бремени (ФЗОМ). (Слика 3)




Слика 3

Ни се отвара форма како на слика 4. Во полето Датум од-Датум до внесуваме временски период во кој сакаме да ни се прикаже листата со бремени жени и кликаме на копчето Прикажи. Сите пациентки за кои што е евидентирана бременоста се прикажува во оваа форма.

За снимање на фајлот во Excel, кликаме Ctrl+Alt+E.


Бремени пациентки (ФЗО)
Почеток на бременост
Датум од
Датум до
01.1.2019
25.6.2019
Прикажи
Повлечете ја колоната овде за да се групира по таа колона.
ОБРАЗЕЦ БЖ
Име и презиме
ЕМБГ
ЕЗБО
Датум на избор на избран лекар/гинеколог
Датум на прва посета кога е констатирана бременоста кај избраниот гинеколог
Број на гестациска недела
Очекуван датум на породување
Корегиран датум на предвремен престанок на брееменоста или продолжена бременост
<No data to display>
Ctrl+Alt+E - Сними во excel

Слика 4